Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 28-та седница одржана на 17.02.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2632/1 од 03.10.2025 година, оформен по добиена пријава од познат подносител против службеното лице ---------, директор на ЈП „--------" - -----, **СЕ ЗАПИРА**.

Наводите изнесени во пријавата со број 12-2632/1 од 03.10.2025 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ.**

За констатираните прекршувања на законските одредби, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка до надлежен орган.

Предметот со број 12-2632/1 од 03.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 03.10.2025 година, преку електронска пошта е поднесена пријава од познат подносител со наводи за сомневање за прекршување на законските одредби во изборен процес, поврзани со постапувањето на -------, директор на ЈП „--------" – -----, по што е оформен предмет број 12-2632/1 од 03.10.2025 година.

Во пријавата се наведува дека директорот на ЈП „--------" – ------ ги користел јавните ресурси на претпријатието, на начин што на кандидатот и актуелен градоначалник

на Општина ------, ---------, му овозможил користење на автобуси во сопственост на јавното претпријатие за политичко рекламирање, при што дел од автобусите биле брендирани со негови фотографии, редниот број под кој настапува на изборите, како и со симболите на политичката партија на која и припаѓа, во периодот по 30.09.2025 година, односно во време на изборна кампања.

Постапувајќи согласно член 23 став (1) и (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија побара и обезбеди релевантни податоци и документација од надлежни институции.

Од увидот во доставената документација е утврдено дека ЈП „-------" – -----, застапувано од директорот -------, има склучено Договор за услуга за давање на користење со надомест на рекламни површини на автобусите за јавен превоз и на автобуските стојалишта, со број ------- од --.--.2023 година, со правното лице --------, за период од пет (5) години.

Во член 4 став (1) точка 8 од Договорот е предвидено ограничување во однос на одредени видови рекламирање, но не е предвидено изречно дозволување на политичко рекламирање.

Во известување доставено до ДКСК, политичката партија -------- наведе дека нема склучено договор со ------- за политичко рекламирање на кандидатот --------, додека правниот субјект ------ изјави дека нема склучено договор, ниту остварено деловен однос со организатор на изборна кампања, политички субјект или кандидат.

Имајќи ја предвид целокупната документација и утврдената фактичка состојба, Државната комисија оцени дека автобусите, како средства во сопственост на јавно претпријатие чиј основач е единица на локална самоуправа, претставуваат јавни ресурси во смисла на член 36 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ограничувањата опфатени во член 8-б од Изборниот законик.

Со овозможувањето на нивно користење за политичко рекламирање во период на изборна кампања, директорот постапил спротивно на наведените законски одредби, со што наводите изнесени во пријавата се основани и потврдени.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, ДКСК утврди дека наводите се потврдуваат, за констатираните прекршувања на законските одредби ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

иницира постапка до надлежен орган, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата